## RESILIO-ACCESS — Опсерваторија за отпорност на владеењето на правото во кандидатите за членство во ЕУ

**Што го прави владеењето на правото отпорно**? **Колку е отпорно владеењето на правото во земјите кандидати за членство во Европската Унија?**Проектот „RESILIO-ACCESS“ обезбедува нов, емпириски пристап за мерење на отпорноста на владеењето на правото.

**Времетраење на проектот**: Јануари 2025 – Декември 2026 година.

**Како се мери отпорноста на владеењето на правото?**Надоврзувајќи се на својот претходен проект „RESILIO“, кој ја проучуваше отпорноста на владеењето на правото во 27-те земји членки на Европската Унија, RESILIO-ACCESS се заснова на трислоен модел:

**Примарните ресурси на отпорност** се во сржта на моделот и ги опфаќаат клучните компоненти на владеењето на правото, вклучувајќи, меѓу другото, независност на судството, поделба на власта, како и правна култура.

**Секундарните ресурси на отпорност** се однесуваат на општественото опкружување во кое е вградено владеењето на правото, вклучувајќи го граѓанското општество, медиумите, јавната дебата и нивото на демократија во одредена држава.

**Стресорите** претставуваат закани за владеењето на правото против кои е потребна отпорност. Тие можат да влијаат врз ресурсите на отпорност, да ги поткопаат или целосно да ги уништат. Стресорите можат да бидат ендогени (на пример, авторитарна мобилизација и корупција) или егзогени (на пример, руската агресивна војна против Украина).

**RESILIENCE RESOURCES AND STRESSORS**



resilio access
Resilience observatory on the rule of law in EU accession candidates

*Графички приказ 1: RESILIO-ACCESS модел за отпорност на владеење на правото*

RESILIO-ACCESS е финансиран од страна на

STIFTUNG MERCATOR

Co-funded by the European Union

RESILIO-ACCESS е заеднички имплементирано од страна на

iep Institut für Europäische Politik

IDSCS Institute for Democracy Societas Civilis -Skopje